


# MAGENTA TV

## Упатство за користење

# Доживејте ја телевизијата на нов начин




***Добредојдовте во MagentaTV, новата телевизија од Телеком, која ви нуди целосно ново, модерно, дигитално ТВ доживување.***

Низ ова упатство ќе се запознаете со сè што нуди најдобрата интерактивна телевизија во Македонија и како да почнете да ги користите сите нејзини можности.
Да почнеме!

## Содржина

| | |
|---|---|
| 4 | Поврзување и почетна инсталација |
| 6 | Далечински управувач |
| 9 | Почетни нагодувања |
| 10 | Најава на MagentaTV услугата |
| 11 | ТВ Водич |
| 12 | Дома |
| 14 | ТВ Канали |
| 15 | Напредни функционалности |
| 16 | ТВ-тека |
| 18 | Видеотека |
| 19 | Апликации |
| 20 | Дополнителни нагодувања |
| 21 | Моја MagentaTV |
| 23 | MagentaTV Go |

## Што содржи кутијата?

Кутијата која ја добивате со MagentaTV услугата содржи:

- кратко упатство за поврзување;
- медиски приемник, поточно вашиот нов MagentaTV Box;
- далечински управувач;
- батерии за далечинскиот управувач;
- HDMI кабел за поврзување со телевизорот;
- етернет кабел за поврзување со рутерот;
- адаптер за напојување на MagentaTV Box-от.





MagentaTV Box



Далечински управувач



Адаптер за струјно напојување



Батерија AAA - 2 парчиња



Етернет кабел



HDMI кабел



Упатство за поврзување



Поврзување и почетна инсталација

## Поврзување на уредот

На задната страна од MagentaTV Box-от се наоѓаат **приклучокот за напојување со струја, HDMI приклучокот и интернет приклучокот.**




Да почнеме со поврзување.

**1.** Прво во MagentaTV Box-от го приклучуваме струјниот адаптер, потоа го додаваме HDMI кабелот, и на крај го приклучуваме интернет кабелот.

**2.** Следно, ги поврзуваме сите три кабли и на другата страна и тоа: HDMI кабелот во ТВ приемникот, струјниот приклучок во струја, и интернет приклучокот во Телеком рутерот.

**3.** Откако поврзавме сè правилно, на телевизорот го избираме HDMI влезот на кој го приклучивме MagentaTV Box-от.

**4.** Потоа го вклучуваме MagentaTV Box-от преку копчето на неговата предна страна. Се појавува светло во магента боја, коешто ни означува дека уредот е вклучен. Сега е време да ги следите чекорите на вашиот екран за да ги направите почетните нагодувања.



## ДАЛЕЧИНСКИ УПРАВУВАЧ

Пред да продолжиме понатаму, накратко да се запознаеме со далечинскиот управувач на MagentaTV.

Далечинскиот управувач е мал и лесен за користење, користи Bluetooth технологија, поради што не мора да е насочен кон MagentaTV Boxot за да ги регистрира командите.

Ставете ги батериите од кутијата во далечинскиот управувач и тој автоматски ќе се поврзе со MagentaTV Box-от.



Да ги разгледаме неговите најважни функции.











# ПОЧЕТНИ НАГОДУВАЊА

Време е да го нагодиме MagentaTV Box-от. Самиот уред ќе ве води низ неколкуте едноставни чекори.

1. Првиот чекор е за **избор на јазик.**

2. Вториот чекор е **поврзување на интернет.**

3. Доколку сакате да ги искористите сите предности од вашиот MagentaTV Box, којшто работи на платформата Android, овде **можете да ја додадете вашата Google сметка.** Ова може да го сторите и подоцна.

4. Следно, прочитајте ги и прифатете ги **условите на Google за користење на платформата Android** со избирање на копчето **OK**, а потоа изберете **ПРИФАТИ**.

5. **Изберете име на MagentaTV уредот** за да можете полесно да ги разликувате доколку имате повеќе такви уреди во вашиот дом.

6. **Одберете опција во која сакате да биде ставен уредот при исклучување.** Препорачливо е да изберете **ВО МИРУВАЊЕ** за подобро и побрзо функционирање на услугата.

## НАЈАВА НА MAGENTA TV УСЛУГАТА

Вашиот MagentaTV Box автоматски ќе ве најави на MagentaTV услугата. Процесот трае мошне кратко и откако ќе заврши на екранот ќе се прикаже програма во живо од првиот ТВ канал.

За да навигирате низ каналите користете ги копчињата P+ или P- на далечинскиот управувач или внесете го бројот на каналот што сакате да го гледате.

## ТВ ВОДИЧ

Распоредот на програмите на сите канали достапни на MagentaTV можете да го видите во секое време со клик на копчето **EPG** од далечинскиот управувач или со избирање на оваа икона во главното мени.

Во него имате детален преглед на она што се емитува на сите канали во моментот, преглед на програмата којашто веќе се емитувала или допрва треба да се емитува.








Маневрирањето низ ТВ водичот е лесно. Едноставно користете ги стрелките на вашиот далечински управувач и притиснете **OK** на содржината којашто сакате да ја гледате.

Дополнително, движењето низ каналите е овозможено и со нумеричките копчиња на далечинскиот управувач.

Преку филтерот достапен на копчето **OPT** на далечинскиот управувач може да се селектираат одредени категории канали – музички, филмски и слично, па така во водичот добивате приказ само за тие канали.




Исто така, достапна ви е и опцијата за избор на ден во ТВ водичот што се наоѓа над приказот на каналите.

Преку ТВ водичот може да пристапите и до услугата ТВ-тека и да гледате содржини коишто веќе се емитувани на каналите за кои е достапна оваа функционалност. Пронајдете ја содржината којашто сте ја пропуштиле, на соодветниот канал и во соодветниот термин, и гледајте ја со притискање **OK**.



Категории

# ДОМА

Кога на вашиот далечински управувач ќе кликнете на копчето коешто се наоѓа горе лево, сликовито означено со куќичка ⌂, влегувате во категоријата **ДОМА**. Горе се наоѓа главното мени на MagentaTV.








Во централниот дел на екранот се прикажани актуелните ТВ наслови и содржини, нови филмови и серии, со цел да бидете во тек со она што е достапно на MagentaTV.




Под него следува првиот содржински блок, **ВО МОМЕНТОВ НА ТВ** каде добивате приказ на сите канали во живо и на она што се емитува во моментот.
Потоа ќе ви се појават и други содржински блокови, во кои ќе бидат сместени вашите **омилени канали, омилените содржини, најчесто гледаните канали и претходно гледаните канали.**





# ТВ КАНАЛИ

Кога ќе ја изберете категоријата **ТВ КАНАЛИ**, под рекламните постери коишто ве информираат за најатрактивните ТВ содржини, следува содржинскиот блок за функцијата **ТВ-тека**.




Под овој блок ќе најдете **тематски содржински блокови** во кои се групирани ТВ каналите достапни на MagentaTV - на пример, национални, регионални, документарни, спортски, филмски и така натаму...







# НАПРЕДНИ ФУНКЦИОНАЛНОСТИ

Со MagentaTV ви се достапни напредни функционалности, како на пример, премотување, паузирање и снимање на програмата во живо на најгледаните канали.

## Премотување

За да ја вратите station наназад програмата којашто ја гледате во моментот, само кликајте на левото навигациско копче.



## Од почеток / Рестарт

Имате опција и да ја вратите целосно од почеток тековната програма. За да го сторите тоа, притиснете **ОК** и изберете ја иконата **РЕСТАРТ** навигирајќи надолу.



## Паузирање

За да ја паузирате програмата и да продолжите со гледање кога вие сакате, притиснете на копчето за паузирање на далечинскиот управувач.





**Снимање**
За да ја снимите содржината којашто ја гледате само кликнете на црвеното копче **СНИМАЈ**, најдолу десно на далечинскиот управувач.

За да закажете снимање програма којашто ќе се емитува во иднина, појдете во ТВ водичот, со клик на копчето **EPG**, каде што ќе ја изберете програмата којашто сакате да ја снимате. Потоа кликате на копчето **СНИМАЈ**.

Сите содржини што сте ги снимиле се достапни на главниот екран на MagentaTV – **ДОМА**, во содржинскиот блок **Снимени содржини**.

## ТВ-ТЕКА

На MagentaTV има дури 37 канали на кои можете да ги гледате содржините коишто веќе биле емитувани и до 7 дена наназад!

Зависно од тоа дали пребарувате по време или по наслов на содржина, има два начина да пристапите до овие содржини.
Ако пребарувате **по време**, пристапете преку **ТВ водичот** и движете се кон лево, или пак одберете го соодветниот датум на филтерот.








Ако пребарувате **по наслов** на содржината, полесно е да одите преку **ТВ-теката**. Од главното мени, појдете во делот **ТВ канали** – првиот содржински блок во овој дел од менито е **ТВ-теката**. Потоа, со клик на првото копче, **ПРИКАЖИ ГИ СИТЕ,** ќе ви се прикажат сите канали за кои можете да гледате веќе емитувана програма.



## ВИДЕОТЕКА

Доколку сте вистински филмофил и секогаш сте во потрага по ново возбудливо филмско доживување, појдете во категоријата **ВИДЕОТЕКА** – тука можете да изнајмувате филмови и документарци од секаков жанр на 24 часа.

## ВИДЕО КЛУБ

Категоријата **ВИДЕО КЛУБ** е нова во MagentaTV и во неа се собрани сите „on demand“ филмски и ТВ содржини коишто ви се достапни во рамките на ТВ пакетите што сте ги активирале или пак се дел од вашата тарифа – како, на пример, Gley, Pickbox, National Geographic.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТВ ПАКЕТИ

Овде имате увид во сите дополнителни ТВ пакети коишто ви се достапни за активирање, но и во оние коишто веќе сте ги активирале.

За да активирате дополнителни ТВ пакети кликнете на копчето **ДОМА** за да дојдете до главното мени на MagentaTV. Во главното мени ќе ја забележите оваа икона 🎁.








Со клик на иконата, можете да го одберете посакуваниот ТВ пакет, да добиете подетални информации за содржините на пакетите, месечната претплата и слично.

За активирање дополнителен пакет, притискате на копчето **АКТИВИРАЈ**. Ќе добиете порака на вашиот екран штом ТВ пакетот стане достапен.

## АПЛИКАЦИИ

Преку категоријата **АПЛИКАЦИИ** имате пристап до апликациите коишто се веќе инсталирани на вашиот MagentaTV Box, како и до продавницата за апликации Google Play, од каде можете да преземате нови апликации на вашиот MagentaTV Box. За ова е потребно да се најавите преку вашиот Google кориснички профил.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ НАГОДУВАЊА

Кликнете на копчето **ДОМА** ⌂, па потоа во главното мени изберете ја категоријата **НАГОДУВАЊА** ⚙.



Одберете ја поткатегоријата **MagentaTV Нагодувања**. Овде можете да правите општи нагодувања и да управувате со начинот на кој работи вашата услуга MagentaTV, како на пример: да изберете јазик на менито, да поставите јазик на преводот на содржините на MagentaTV и да вклучите родителска контрола.

### Јазик на мени и јазик на превод

Од менито коешто се појавува десно одберете го јазикот на менито и јазикот на преводот на содржините.




### Возрасна категоризација

За да активирате возрасна категоризација, треба да имате нагодено ПИН. Навигирајте до делот Безбедност за да нагодите ПИН, а потоа дојдете до делот Возрасна категоризација и активирајте ја со внесување на вашиот ПИН.

### Родителска контрола

Родителската контрола значи дефинирање на возрасната граница над која е потребен родителски ПИН. За да работи родителската контрола, потребно е да биде активирана опцијата возрасна категоризација.

Овде можете да најдете и многу други општи и дополнителни информации и помош.





## МОЈА MAGENTA TV

Оваа поткатегорија се состои од повеќе содржински блокови коишто ви даваат преглед на содржините и на ТВ каналите коишто сте ги означиле како омилени, содржините коишто сте ги снимиле и друго.

Ако означите некоја содржина како омилена, до неа секогаш ќе имате брз и лесен пристап. Тоа можете да го направите со клик на информативното копче и иконата Обележи додека гледате информации за таа содржина.

**За да означите одреден ТВ канал како омилен,** појдете **ДОМА**, па од главното мени во **НАГОДУВАЊА**. Овде одберете **МОЈА MAGENTA TV** па потоа **ПРИКАЖИ ГИ СИТЕ**. Од целосната листа канали одберете го посакуваниот канал, кликнете на стрелката десно и притиснете на прикажаното срце за да го означите каналот како омилен.




**За да го промените редоследот на ТВ каналите** повторно појдете **ДОМА** и



во **НАГОДУВАЊА** ⚙. Овде одбирате **МОЈА MAGENTA TV** па **ПРИКАЖИ ГИ СИТЕ**. Притиснете **ОК** на редниот број на каналот чијашто позиција сакате да ја промените и со стрелките за движење горе и долу преместете го каналот на посакуваната позиција. На крај притиснете **ПОТВРДИ**.








# MAGENTA TV GO

Новото телевизиско доживување не застанува во вашиот дом.
Апликацијата MagentaTV Go ви овозможува да гледате телевизија во живо, да изнајмувате и да гледате содржини во движење, директно од вашиот смартфон, таблет или лаптоп.
За да ја користите услугата на мобилен уред, смартфон или таблет потребно е да ја преземете апликацијата MagentaTV Go од Македонски Телеком од Google Play или App Store.

GET IT ON Google Play

Download on the App Store

MAGENTA TV

Откако ќе ја инсталирате апликацијата, најавете се со вашиот Телеком профил, активирајте ја услугата MagentaTV Go, по што сите ваши содржини ќе станат достапни и на овој уред.

За да ја користите услугата на лаптоп, потребно е да пристапите до страницата www.magentatv.mk преку вашиот веб-пребарувач и да се најавите со вашиот Телеком профил.

Доколку имате дополнителни прашања или ве интересираат повеќе детали, посетете нè на telekom.mk.

Уживајте во MagentaTV, најдобрата телевизија во Македонија!

Имате прашања?

Проверете ги Често поставуваните прашања на **telekom.mk/magentatv**

Контактирајте нè преку **Telekom MK апликацијата**

Пишете ни порака